# ЗАПИСНИК
## од 4–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 08.02.2021 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фидановски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: м-р Алма Машовиќ (смртен случај).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, м-р Горјан Шекеринов, Хари Митрикески-Клекачкоски, Бурим Хамиди, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата нема да присуствува г-ѓа Машовиќ бидејќи нејзината мајка, за жал, претходниот ден почина и во таа насока до неа и до нејзиното семејство изрази длабоко сочувство од име на Советот. Исто така најави дека г-дин Фетаи има мал технички проблем со видео конекцијата и на седницата ќе биде аудио приклучен. Објасни дека и покрај тоа што во моментот не е видео приклучен сепак Советот може да функционира и за секое гласање ќе биде прашан за да се изјасни.

Советот на Агенцијата, едногласно, (гласањето на г-дин Фетаи поради технички причини со видео конекцијата беше аудио потврдено) го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.02.2021 година.

2. Предлог-одлука за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Фетаи поради технички причини со видео конекцијата беше аудио потврдено) го усвои Записникот од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.02.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената точка објасни дека во овој случај Советот треба да даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која ќе се усвои Извештајот и Пописните листи од извршениот попис за 2020 година.

Претседателот на Комисијата м-р Горјан Шекеринов ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за 2020 година. Објасни дека пописот се вршеше во периодот од 03.01.2021 година до 04.02.2021 година. Комисијата работеше во полн состав и направи попис на инвентарот и опремата во Агенцијата, артиклите во магацинот, и направен е и попис на опремата со која располага Агенцијата која е сместена во просториите на Македонски Телеком на локации низ градовите на државата и при тоа не се најдени никакви недоследности. Комисијата подготви и Листа за расход на 20-тина артикли. По насоки од раководителот на Секторот за финансии и логистика рече дека во мај оваа година би сакале да потегнат иницијатива за да се расходуваат и останатите средства кои постојат во пописните листи бидејќи тие реално се застарени и неупотребливи. Но, бидејќи за да се подготви оваа листа е потребен поголем временски период, а во моментот Секторот за финансии и логистика е зафатен со обврски околу завршната сметка, раководителот ги замолил овој пат да се расходуваат само овие 20-тина артикли кои се неисправни, а подоцна во мај за останатите да иницираат уште еден предлог за отпис.

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот е многу разумен затоа што во денешно време мобилни уреди со старост од над 3 години ретко кој чува. Истото е и за компјутерите со максимум до 10 години, за кои не верува дека повеќе од тоа се чуваат бидејќи ги надминува современата технологија и претставува товар на институцијата со оглед дека е потребен простор за тие да се чуваат, а нивната вредност многу бргу стигнува до нула денари. Повеќе трошоци има за просторот што се користи за чување отколку во самата опрема. Се согласи дека комисијата треба во мај да подготви уште една листа за отпис

кога ќе имаат повеќе време и рече дека овие 20-тина артикли се малку што се отпишуваат. Реално сè што не се користи, за да не се чува, треба да се отпише и да се изнајде начин да ги откупат фирми кои се бават со тоа, за да не оди во обичен отпад бидејќи е електронска опрема.

Г-дин Ајдини во врска со средствата кои се планираат да се отпишат во мај, праша дали се знае за кои артикли станува збор. Објасни дека лаптопот што го поседува веќе 2-3 години не го користи.

Претседателот на Комисијата м-р Горјан Шекеринов одговори дека планирано е да се отпише сè што е над 8 години старо, во однос на компјутери, сè што е неисправно а стои во магацин на -2 кат, и мобилните уреди кои се постари од 4 години. Објасни дека комисијата може да даде предлог за отпис, но потоа треба да се формира друга комисија која ќе ги отуѓи на друга компанија за електронски отпад. Посочи дека и покрај тоа што опремата има нула вредност мора да се чува се до моментот додека не се отуѓи на некоја фирма која би ги откупила.

Г-дин Петрушевски му објасни на г-дин Ајдини дека на 78-ма страна од доставениот материјал ги има наведено сите артикли кои се предложени за отпис како неколку мобилни телефони, таблет, лаптоп. Смета дека многу повеќе ќе бидат, како што кажал Горјан Шекеринов во мај, листата за отпис ќе биде поголема но раководителот Радуновиќ во моментот е оптеретен со работа околу завршната сметка. Се согласи дека тоа треба да го направат и треба да најдат фирма која ќе го земе овој материјал бидејќи тој не се фрла во отпад, внатре во електронската опрема има бакарни делови, златни дури има и делови кои може да бидат штетни за околината, затоа е добро да оди во електронски отпад.

Г-дин Трајчев рече дека во листата за отпис е наведено дека сите уреди се неисправни. Но гледа дека првите 4 ставки се уреди кои имаат некаква вредност, тоа значи дека сè уште не се толку стари. Праша дали се под гаранција и дали може да се поправат од страна на тој што ги продал. Каква е ситуацијата со тие 4 уреди, дали имаат некаква вредност, дали ќе одат со постапка за отуѓување. Во врска со второто прашање забележал дека во материјалите односно во прилозите Комисијата за попис не е потпишана и праша дали е настаната техничка грешка или има друга причина?

Претседателот на Комисијата Шекеринов одговори дека првите 4 мобилни уреди се стари и набавени се пред 4 години. По користењето тие се вратени со скршен екран, изгорена матична плоча или дисплеј. Тие не се под гаранција бидејќи рокот од 12 месеци е одамна истечен. Иако тие имаат вредност Агенцијата мора да ги чува во магацин. Затоа предлогот е да се отпишат, бидејќи реално не може да се користат и се застарени како модел. Во однос на документите објасни дека тоа е техничка грешка бидејќи тие се предадени во архивата на Агенцијата со сите потписи. Веројатно рече се скенирани пред потпишување и испратени како материјал.

Г-дин Петрушевски рече дека материјалот е скениран во мали димензии во мега бајти и веројатно кога се составувал вработените ги имаат ставено електронските форми а не е скенирана хартија каде што потпишале. Електронски не можат да се потпишат. Констатира дека на главниот документ, на Извештајот комисијата се има потпишано и така е скенирано, но на дел од документите реално не се потпишани.

Г-дин Фетаи во текот на дискусијата ги надмина техничките проблеми и се приклучи со видео конекција.

Членот на Комисијата Хари Митрикески Клекачкоски објасни дека документите се подготвени во два примероци од кои едниот се доставува до архива а другиот останува за пописната комисија. И на двата примероци од документите комисијата се има потпишано. Дополни дека за време на пописот Комисијата не констатира никакви неправилности.

Г-дин Петрушевски објасни дека Комисијата работела цел месец, а познато е дека вработените не баш сакаат да земат учество во пописот. Информира дека еднаш и тој бил во пописна комисија и навистина е мачна работа бидејќи за попис од столчиња до компјутери тогаш имало 4000 позиции.

Г-дин Трајчев рече за да биде појасно, овие уреди се отпишуваат од сметководствената евиденција иако некои се неисправни. Ако се со скршен екран веројатно тој што го скршил треба да си го поправи. Сепак ако имаат некаква вредност, веројатно треба да се отуѓат во соодветна постапка, лицитација и слично, затоа што за некого можат да бидат корисни деловите кои ги имаат овие уреди и имаат некаква вредност и не значи дека треба да се уништат, мора да се отуѓат за пари.

Г-дин Петрушевски објасни дека во АВМУ, посебно директорот е многу внимателен со мобилните уреди и доколку се сеќаваат членовите на Советот кога ќе задолжат нови мобилни ги враќаат старите. Информира дека во други институции, на пример каде што тој работи по 2 години користење вработените не го ни враќаат. Се носи одредена одлука на Совет на Град Скопје и остануваат не вратени, ги отпишуваат без да се вратат. Во АВМУ е друга ситуацијата, многу е по строго и по прецизно. Затоа има случај кога вработените од ИТ во фиоките чуваат стари мобилни телефони од по 5-6 години.

Претседателот на Комисијата Шекеринов се надоврза на дискусијата и рече дека според него тоа е добра пракса по 2 години користење да се даде на трајно користење на вработениот, и на тој начин институцијата ќе има многу помалку уреди што треба ги попишува. Можеби сметководствена вредност има но бидејќи технологијата оди многу брgу напред на старите мобилни не може да се инсталираат ни најобични апликации.

Г-дин Петрушевски рече дека доколку за ова се прашаат г-дин Трајчев а посебно директорот г-дин Трајчевски ќе одговорат дека таа пракса што ја прават другите институции не е добра.

Г-дин Трајчев рече дека веднаш ќе каже дека не се согласува со тоа бидејќи должни се да работат по Закон. Ова е државен имот и тој државен имот не може никој да го земе, тој има некаква вредност и независно од тоа дали сметководствено нема вредност односно се амортизирал, во слуачај на отуѓување мора да се спроведе соодветна постапка на лицитација со што некој ќе го купи за пари. Не може Агенцијата и Советот да подаруваат, тие се должни да го штитат имотот како државен имот.

Г-дин Петрушевски се согласи и рече дека досега и така се работело, сите мобилни уреди секогаш се враќаат назад во институцијата.

Членот на Комисијата Хари Митрикески Клекачкоски објасни дека дел од мобилните уреди се набавени без никаков паричен надоместок, но како принцип воспоставен од директорот и од членовите на Советот, не фрлаат ништо години station наназад, напротив, сè чуваат. Се согласи дека постои постапка со која се дефинира начинот на отуѓување, во присуство на комисија за отуѓување и пописната комисија која ги предлага листите за отпис.

Г-дин Петрушевски рече дека најдобро е да има формирано Комисија за отпис и тоа да си оди преку фирми кои имаат посебни дозволи и работат прибирање на електронски уреди.

Г-дин Трајчевски процедурално посочи дека дискусијата непотребно отиде во друга насока. Објасни дека Агенцијата не може да отуѓи без согласност и одлука на Влада бидејќи постои Закон за движни и недвижни ствари. По отписот артиклите ќе останат во институцијата бидејќи самата процедура е комплицирана и не може лесно да се спроведе за вакви предмети со мала вредност. Реално тие ќе се отпишат и ќе мора да се чуваат во Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, и за отпис на основните средства, со текст како што беше предложена одлуката.

Со одлуката се усвојуваат Извештајот за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалните и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата со утврдена состојба заклучно со 31.12.2020 година и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од извршениот попис во Агенцијата, за 2020 година, кои се доставуваат во прилог на Извештајот, и тоа:

- Пописна листа за утврдената состојба на денарски средства и девизни средства, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.1,
- Пописна листа за производите-артиклите во магацинот, бр.1, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.2,
- Пописна листа на основни средства (инвентар и опрема) која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.3,
- Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.4,
- Пописна листа на побарувањата и обврските, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.5 и
- Пописна листа за ситен инвентар која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.6.

Секторот за финансии и логистика да изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.4.

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-489/3**
**19.02.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**